**20161202933**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за јавните набавки,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 јуни 2016 година.

Бр. 08-3010/1
28 јуни 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Член 1

Во Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 136/2007, 130/2008, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15 и 27/16), во членот 8 по алинејата 5 се додава нова алинеја 6, која гласи:

„- се адвокатски услуги,“.

Член 2

По членот 10-а се додава нов член 10-б, кој гласи:

„Член 10-б

Овој закон не се применува на договорите што ги склучува договорниот орган согласно со членот 29 од Законот за меѓуопштинска соработка.“.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.